# 41. Прљакооj

**Прљакооj** се **нов** род во Лешок, кои се доселени од Теарце. Домашна слава им е **Митровден**. Куќата им беше на Бања. Јас го знам дедо Трпе-Прљак и неговиот внук Борис Тасевски -Прље, кој е син на Рајна, втора ќерка на Трпе, која млада починува и Борис, го гледа баба Трпејца (Перса).
Борис подоцна се преселија во Ново село, кај Ѓорче Петров, а куќата му ја продадоа на Никче Сољовски од родот Момирооj, во која, денес, живее синот Борче, кој работеше во странство.
Од родот Прљакооj е Ананија Јанче Тасевски, кој загинува во Илинденското востание. Ананија е брат на Трпе-Прљак. Види, ( Р. бр. 17, стр.13-16 и стр. 47-49). http://spiroski.com.mk/
Борис Тасевски е Генерација со сестра ми Милица Спироска. ( Р. бр. 12 и 14, стр. 61-63 ).
Во книгата Лешок, од И. Петрушевски, (Р. бр. 8, стр.94 и 95 и стр.311), има грешки и благодарение на Перо Костадиновски, направивме комплетно фамилијарно стебло на Прљакооj. Имено, во месец октомври 2025 година стапив во телефонски контакт со Петре ( Перо) Костадиновски, син на Васка, третата ќерка на дедо Трпе. Благодарение на Петре го научив и запишав семејното стебло за Борис Михајловски, како и за семејството на третата ќерка Васка.
Значи, Трпе и Перса имале пет деца: 1. Боце, 2.Рајна, 3. Васка, 4. Симка и 5. Љубица.
Боце млад починува, Рајна со мажот Микље го имале само синот Борис, но, и Рајна млада починала и Борче го догледаа дедо Трпе и баба Трпејца. Јас ги знам дедо Трпе и баба Трпејца и внукот Борче.
Борче со сопругата Олга имаат три деца: 1. Сашо, 2. Љупче и 3. Рајна. Сашо работи во Германија и има син Христијан и ќерка Софија, Љупче работи во АРМ, има син Оливер и ќерка Сара и Рајна работи во Германија и има ќерка Тамара и син Бобан.
Денес, 9.10.2025 год. Борис е болен од деменција и лежи во постела, ми рече Мира, ќерката на Љубица, која е мажена во Јелошник, а живее во Влае, Скопје, а ова ми го рече и синот Љупче.
Васка имала 6 деца и 15 внуци и тоа: 1. Илинка, 2. Косто, 3. Петре, 4. Ристо, 5 Владо и 6. Слободанка. Илинка има три деца(Ленче, Митко и Душко), Косто, две ( Светлана и Валентина), Петре, две (Габриела и Бојан + ), Ристо, две (Далибор и Даниел), Владо, четири деца (Александар, Никола, Христијан и Давид) и Слободанка две деца:(Христијан и Анѓелко +).Симка има три деца: 1. Марица, 2. Никуш и 3. Јованче и Љубица има четир:и деца: 1. Драго, 2. Мира, 3. Босилка и 4. Перо.
Му благодариме на Љубиша (Љупче), синот на Борис, на љубезноста и податоците кои ни ги даде и кој, денес, 19.10.2025, по Вибер ми испрати фотографии на Борис и синовите Љубиша и Сашо.
Подолу внесов портрет на ученикот Борче Прље, од учебната 1951/52, во Школото во Лешок, кој учеше заедно со сестра ми Милица. Види, ( Р. бр. 25, стр.23 и 24).
Повеќе за Прљакооj, Види, ( Р. бр. 7, стр. 95, Р. бр. 8, стр. 94 и 95 и стр. 311, Р. бр. 17, стр.13 -18, стр. 47 – 49 , Р. бр. 12 и 14, стр. 61- 63 и Р. бр. 18, стр. 199-200 ). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** (Р.бр.18,стр.24,199-200,211, 222, 223,228 ),**Бања, Прљакооj, род, Скукооj, слава, Сољооj,**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| Борче | Борис | Љубиша | Сашо | |

# 42. Прнџооj

**Прнџооj** се **нов** род во Лешок и се доселуваат неколку лица од Варвара. Родот Прнџооj се староседелци во Варвара. Слава им е **Св. Архангел Михаел (Аранѓел)**.